Република Северна Македонија
Општина Штип
Број 09-624/1
25.09. 2026 година
Ш т и п

Врз основа на член 6. од Одлуката за востановување на општински награди и признанија („Службен гласник на Општина Штип" број 16/09), Комисијата за доделување на награди и признанија на Општина Штип распишува

К О Н К У Р С

ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА НАГРАДАТА 8 НОЕМВРИ И ПРИЗНАНИЕТО 8 НОЕМВРИ ЗА 2026

- Наградата 8-ми Ноември е највисока општинска награда што ја доделува Советот на Општината Штип по повод Денот на град Штип;
- Наградата 8-ми ноември се доделува на истакнати личности и правни лица кои имаат посебни заслуги и придонес во афирмацијата и развојот на градот во 5-годишниот период во областите: стопанство, образование, наука, уметност, спорт, хуманост и др.;
- Признанието на Општина Штип се доделува на физички и правни лица од Општина Штип и од Република Македонија како знак на општо признание за особени постигања и придонес во афирмацијата и развојот на градот во областите: стопанство, наука, уметност, образование култура, спорт, хуманост и др.;
- Признанието се доделува и по разни поводи за лични залагања и особен придонес за градот во сите области на општественото живеење во периодот од една година до објавување на Конкурсот;
- Наградата и Признанието се состојат од плакета;
- Право да предлагаат кандидати имаат правни и физички лица со седиште, односно живеалиште на подрачјето на Општина Штип ,
- Предлогот мора да е образложен, со приложена кратка биографија. Предлагачите, притоа, мора да приложат и полна адреса и назив на седиштето, односно името и адресата и телефонски број.

Конкурсот трае **10** дена од денот на објавувањето. Предлозите се доставуваат до Комисијата за доделување на награди на Општина Штип, ул. *„Васил Главинов" бб* , односно во архивата на Општина Штип.

Изготвил: *Кирил Панајотов*
Контролирал: *Тоше Ристов*
Одобрил: *Вишна Шорова-Ангелова*

ОПШТИНА ШТИП
Градоначалник,
Иван Јорданов

Доставено до:
- *Архива*